Во рамките на одбележувањето на „Неделата на детето“ која трае од 3-ти до 7-ми октомври и се одбележува под мотото „Другаруваме,се радуваме“, на мое големо задоволство денеска примив група дечиња од клонот „Мајски цвет“ од Неготино заедно со нивните воспитувачки. Од нивна страна бев информиран дека во текот на неделата секој ден се одржуваат различни активности, а денеска денот го искористија за другарување надвор од градинката со посета на локалната самоуправа Неготино и средба со мене како градоначалник. Дечињата ја искористија можноста да ги искажат своите желби да имаат повеќе лулашки, рингишпил, сала за трчање, повеќе паркови и слично. Дечињата по повод „Неделата на детето“ ми доделија пригоден подарок за што им изразувам огромна благодарност.











